**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
Ул.,,7-ми Септември" бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **03.06.2020 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 5 – 2020 год.** |

ЈУНИ 2020

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 36-та седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за отстапување на водоводна мрежа во с.Белица на ЈП „Водовод и канализација”- Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Македонски Брод на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод му го пренесува правото на управување и одржување на водоводната мрежа за населено место с.Белица.

**Член 2**

ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод како давател за извршената услуга да фактурира на правните и физичките лица корисници поврзани на водоводната мрежа во населеното место во с.Белица, по цени согласно важечкиот ценовник одобрен од Советот на Општина Македонски Брод.

Тековните сервиси, одржувањето, како и сите останати трошоци произлезени од користењето спаѓаат на терет на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод.

**Член 3**

Се задолжува ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод да ги преземе сите активности неопходни за спроведување на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Број 18 - 350/ 3**
**29.05.2020 година**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за отстапување на водоводна мрежа во с.Белица**

**на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод**

Се објавува Одлука за отстапување на водоводна мрежа во с.Белица на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 36 -тата седница одржана на ден 29.05.2020 година.

**Бр. 08 – 350/8**

**03.06.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за отстапување на водоводна мрежа крак - ул„Јане Сандански“**
**на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Македонски Брод на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод му го пренесува правото на управување и одржување на водоводната мрежа крак - ул.„Јане Сандански“, Македонски Брод.

**Член 2**

Тековните сервиси, одржувањето, како и сите останати трошоци произлезени од користењето ќе бидат на терет на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод.

**Член 3**

Се задолжува ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод да ги преземе сите активности неопходни за спроведување на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Број 18 - 350/4**
**29.05.2020 година**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за отстапување на водоводна мрежа крак - ул.„Јане Сандански“**

**на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод**

Се објавува Одлука за отстапување на водоводна мрежа крак - ул.„Јане Сандански“ на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 36 -та седница одржана на ден 29.05.2020 година.

**Бр. 08 – 350/8**

**03.06.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 36-та седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод му го пренесува правото на трајно користење на 20 (дваесет) контејнери за одлагање на комунален отпат со капацитет од 1.1м³.

**Член 2**

За реализацијана оваа Одлука, се задолжува ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод, да ги внесе во евиденција средствата наведени во член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Број 18-350/5**
**29.05.2020 година**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад**

Се објавува Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 36 - та седница одржана на ден 29.05.2020 година.

**Бр. 08 – 350/8**

**03.06.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и согласно член 21 став 2 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 36-та седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за ослободување од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен објект

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.05.2020 година донесе Заклучок за ослободување од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен објект за правните субјекти за периодот кога согласно мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 е забрането вршење на дејност.

2. Со овој Заклучок се поведува постапка за поништување на решение за комунална такса за користење на простор пред деловните просотории за вршење на дејност со бр. О.К.Т. 12-83/1 од 17.03.2020 година.

3. За спроведување на овој Заклучок Градоначалникот да преземе неопходни активности.

4.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Бр.18 – 350 /6**
**29.05.2020 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за ослободување од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен објект**

Се објавува Заклучок за ослободување од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен објект, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 36 - та седница одржана на ден 29.05.2020 година.

**Бр. 08 – 350/8**

**03.06.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и согласно член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за организирање на хуманитарна акција**

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.05.2020 година донесе Заклучок за организирање на хуманитарна акција на територијата на Општина Македонски Брод за собирање на прехрамбени производи и основни средства за хигиена за помош на семејства изложени на социјален ризик.

2. Собраните средства ќе биде бидат донирани на социјално загрозени семејства согласно насоките на ЈУ Центар за социјални работи - Македонски Брод, се со цел похумано надминување на состојбата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19.

3. За спроведување на овој Заклучок се формира координативно тело во состав:

1. Милка Стаменкоска
2. Александар Максимоски
3. Ивица Аврамоски
4. Михаела Николовска

4. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр. 18 – 350 /7**
**29.05.2020 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок за организирање на хуманитарна акција**

Се објавува Заклучок за организирање на хуманитарна акција, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 36 - та седница одржана на ден 29.05.2020 година.

**Бр. 08 – 350/8**

**03.06.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 5 од 03.06.2020 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за отстапување на водоводна мрежа во с.Белица на ЈП „Водовод и канализација“ - Македонски Брод .......................................................................... стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за отстапување на водоводна мрежа во с.Белица на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод ............................................................ стр. 3

Одлука за отстапување на водоводна мрежа крак - ул.„Јане Сандански“ на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод .......................................................................... стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за отстапување на водоводна мрежа крак - ул.„Јане Сандански“ на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод ....................................... стр. 5

Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад ..................................................................................................... стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за пренесување на правото на трајно користење на контејнери за одлагање на комунален отпад ...................................................................... стр. 7

Заклучок за ослободување од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен објект ......................................................................................................... стр. 8

Заклучок за објавување на Заклучок за ослободување од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен објект ........................................................................ стр. 9

Заклучок за организирање на хуманитарна акција .................................................. стр. 10

Заклучок за објавување на Заклучок за организирање на хуманитарна акција ...... стр. 11